# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2756.**

Врз основа на член 37-б став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011 и 64/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 21.08.2012 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАТЕГОРИЈАТА СПОРТИСТ – СПОРТСКА НАДЕЖ

Член 1

Во Уредбата за условите, критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист – спортска надеж („Службен весник на Република Македонија“ бр.127/2008), во членот 6 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Категорија спортист – спортска надеж се доделува за остварени резултати во олимписки и параолимписки односно неолимписки и непараолимписки спортови.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-6071/1
21 август 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2757.**

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2012 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СМЕТКОВНИОТ ПЛАН ЗА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со оваа уредба престанува да важи Уредбата за сметковниот план за друштвата за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/02).

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-6100/1
21 август 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2758.**

Врз основа на член 36, став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 , 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2012 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВИТЕ НА КОМИСИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА (*)

Член 1

Во Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/07, 84/08, 114/09, 100/10 и 95/11), во член 1, во ставот 2 по Прилог број 119 се додаваат 47 нови Прилози број 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 164, 165 и 166, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-6231/1
21 август 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

* Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр32011R0428, 32011R0447, 32011R0497, 32011R0756, 32011R0757, 32011R0761, 32011R0762, 32011R0763, 32011R0772, 32011R0773, 32011R0774, 32011R0775, 32011R0776, 32011R0825, 32011R0826, 32011R0873, 32011R0874, 32011R0875, 32011R0884, 32011R1195, 32011R1196, 32011R1200, 32011R1201, 32011R1202, 32011R1203, 32011R1204, 32011R1247, 32011R1248, 32011R1249, 32011R1271, 32011R1272, 32011R1302, 32011R1303, 32012R0074, 32012R0103, 32012R0104, 32012R0105, 32012R0106, 32012R0144, 32012R0145, 32012R0146, 32012R0211, 32012R0297, 32012R0298, 32012R0299, 32012R0300, 32012R0301